Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-507/ 3
07-12- 2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-507/1 од 23.09.2022 поднесена од Адвокат [redacted] во име на [redacted] застапувано од [redacted] од Скопје против [redacted] за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020), на 02.12.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] спрема граѓаните на Р.С Македонија со бугарско национално самосознание.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заверена со архивски број 0801-507/1 од 23.09.2022 година од Адвокат [redacted] во име на [redacted] застапувано од [redacted] од Скопје против [redacted] за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми спрема граѓаните на Р.С Македонија со бугарско национално самосознание.

.

Во поднесената претставка подносителот наведува дека [redacted] на веб страната на порталот [redacted] на 07.06.2022 година објавил вест со наслов "Модерниот гемиџија, каков кам-бек, брату се врати од Америка оти тука нема мажи, [redacted] војводо: Социјалните мрежи ГОРАТ по потегот на [redacted], прикажал слика со содржина "објект што гори и слика на лицето [redacted] кој што е обвинет за опожарување на Културниот Клуб "Ванчо Михајлов" од Битола.

Подносителот во претставката наведува дека [redacted] на веб страната [redacted] и на 08.06.2022 година објавил вест со наслов "(фото+видео) пред Фашистичкото дувло: Снимка од дрон од масовниот протест за поддршка на [redacted] прикажал слики со содржината "Пред фашистичко дувло", со кој се дава поддршка на обвинетиот [redacted] за опожарувањето на Културниот Клуб "Ванчо Михајлов" во Битола. Подносителот на претставка како доказ за горенаведеното во претставката цитира два линка, за кои што тврди дека се доказ за текстовите.

На 20.10.2022, Комисијата, согласно член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted] со барање за

писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Бидејќи до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пристигна одговор кон наводите од претставката од [redacted] Комисијата при утврдување на фактичката состојба ги ценеше околностите и фактите на кои се темели истата, доставената претставка кои го поткрепуваат тврдењата на подносителот, како и увидот во доказите односно линковите до спорната објава на порталот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката од содржината на објавата на [redacted] утврди дека не можат да се најдат факти кои укажуваат дека е извршена дискриминација врз основ на етничка припадност спрема граѓаните на Р.С Македонија со бугарско национално самосознание, со објавата не може да се утврди дека со едно лице или група се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактична или можна споредлива или слична ситуација, врз некоја од дискриминаторските основи со значи дека не е направен прекршок на членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација по основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на порталот [redacted] спрема граѓаните на Р.С Македонија со бугарско национално самосознание. Доколку подносителот на претставка смета дека во објавената текстуална содржина има елементи на говор на омраза, Комисијата му препорачува да се обрати до надлежни институции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
-Архива на КСЗД